Бр./Nr 12-3189/2

17-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3189/1 од 14.09.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3189/1 од 14.09.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 14.09.2020 година, доставена е пријава против директор на СОУ ------------------------------------ за можни злоупотреби на службена должност бидејќи му „дозволува„ на професорот ------------------------ за време на летниот распуст да работи и како шофер – надвор од државата, иако за тоа време уредно прима плата од училиштето. Исто така, доставена е уште една пријава со која се бара од ДКСК да изврши анализа на бројот на наставници по поедини предмети во однос на бројот на ученици, без при тоа да е наведено за кое училиште станува збор.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, по што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**